# ШАМПИОНАТ НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА НА КРУЖНИ ПАТЕКИ
# ДОДАТОКА 01 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АВТО СПОРТ

## АВТО СПОРТ 2012

# ДОДАТОК А01 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАТПРЕВАР НА КРУЖНИ ПАТЕКИ ЗА АВТО СПОРТ

Одборот за Авто Спорт на АФМ распишува Шампионат на Република Македонија во Авто натпревари на кружни патеки за 2012 година, според одредбите на Додатокот Правилник за Авто Спорт на АФМ, Меѓународниот спортски правилник **FIA** и други одговарачки додатоци.

## *КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРИ*

**Член 1.**

Шампионатот се одржува по бодовен систем, и према календарот на АФМ кој ќе биде објавен на WEB страната на АФМ.

Вкупниот број на бодови кој се зема за пресметка на редоследот по групи и класи се вкупниот број на резултатите.

## *СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ*

**Член 2.**

За поредокот во групи на поедините натпревари, пилотите добиваат бодови според следната табела:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 20 | 15 | 12 | 10 | 8 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

За поредок во класи на поедини натпревари, натпреварувачите добиваат бодови спред следната табела,

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 20 | 15 | 12 | 10 | 8 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

Бодови на поедини натпревари во класи освојуваат сите натпреварувачи кои го завршиле натпреварувањето.

## *БОДУВАЊЕ НА ПОЕДИНАЧНО НАТПРЕВАРУВАЊЕ*

**Член 3.**

Полн број на бодови на поединечно натпреварување во групи се освојуваат доколку на натпреварот стартуваат најмалку 5 пилоти во група.

Доколку на натпреварот стартуваат помалку од 5 пилоти во група, тие добиваат 50% бодови.

Полн број на бодови на поединечно натпреварување во класа се освојуваат доколку на натпреварот стартуваат најмалку 4 пилоти во класа.

Доколку на натпреватот стартуваат 3 но не ппомалку од 2 пилота во класа добиваат 50% бодови.

Се бодуваат сите натпревари во кои настапиле Македонски пилоти без разлика на бројот во класите.

Потребно е да вкупно стартуваат на натпреварот најмалку 10 возила.

Доколку настапат помалку од 10 но не помалку од 10 возила се бодуваат со 50% од полниот број на бодови.

Ако во текот на сеоната пилотите не ивозат минимум три натпревари во кои класата ќе се бодува со 100% бодови, на крајот од сезоната не се прогласува шампион во таа класа.

## *ОДРЕДУВАЊЕНА РЕДОСЛЕДОТ*

**Член 4.**

Редоследот се одредува по основ на заверените конечни резултати од сите натпревари, бруто бодови група + класа, намалено за еден најслабо постигнат. Последниот натпревар се бодува со полн број на бодови без оглед на бројот на натпреварувачи.

## *ПОЕДИНАЧЕН ШАМПИОНАТ НА ШАМПИОНАТ НА ПИЛОТИ*

**Член 5.**

Да би можел секој пилот да биде прогласен за државен првак мора да иполни еден од следните услови:еден од следните услови:
-Доколку се одржани 9 и повеќе трки, мора да настапи на најмалку 7 трки
-Доколку се одржани 8 и повеќе трки, мора да настапи на најмалку 6 трки
-Доколку се одржани 7 и повеќе трки, мора да настапи на најмалку 5 трки
-Доколку се одржани 6 и повеќе трки, мора да настапи на најмалку 4 трки
-Доколку се одржани 5 и повеќе трки, мора да настапи на најмалку 3 трки
-Доколку се одржани 4 или 3 трки, мора да настапи на толку трк на на колку се одржани
-Доколку се одржуваат помалку од 3 трки - првенството нема да се прогласи.

Во случај пилотот да не ги исполнува условите од предходното подглавје, а во можност е да докаже дека не настапил на предвидениот број на натпревари поради оправдани причини(болест, смрт во смејствот, патување надвор од Р.Македонија), тогаш може да побара од ОАС да го впише на пописот на државни прваци.

ОАС за секој поединачен случај ќе донесува посебна одлука.

Во случај на ист број на бодови за одредување на конечниот поредок во групи и класи на крајот на сезоната, ќе се применува Член 88, од Правилникот за Авто Спорт.

## *УСЛОВИ ЗА ПИЛОТИ*

**Член 6.**

Право за настап на натпревар имаат сите уредно пријавени натпреварувачи кои имаат:

а)натпреварувачка лиценца заверена за 2011 година, од Клубски ранг за сите класи, лекарски картон

б)потврда за уплатена членарина за настап на натпревар по ценовникот на АФМ, котизацијата изнесува 3.000,00 денари.

в)потврда за осигурување, полиса:

-на најмалку 100.000,00 денари во случај на смрт,

-на најмалку 200.000,00 денари во случај на траен инвалидитет,

Со пријавата задолжително е да се приложи и потврда за платена котизација.

Заштитната опрема на пилотите се пропишива со правилниците на **FIA.**

## *УСЛОВИ ЗА ВОЗИЛАТА*

**Член 7.**

На натпреварот може да учествуваат возила подготвени во склоп со прописите од Додатокот “J” од Меѓународниот Павилнок на **FIA**, Техничкиот Правилник и Додатокот на техничкиот Правилник за Авто Спорт на АФМ.

Возилата ќе бидат поделени во групи и класи како што следи:

Група "N" -6500 ццм. распоредени во класи

Класа 1 -1200 ццм.
Класа 2 -1400 ццм.
Класа 3 -1600 ццм.
Класа 4 -2000 ццм
Класа 5 +2000 ццм.

Група "A" **(S–1600, S-2000, KITCAR, SP)** -6500 ццм. распоредени во класи:

Класа 6 -1200 ццм.
Класа 7 -1400 ццм.
Класа 8 -1600 ццм.
Класа 9 -2000 ццм.
Класа 10 +2000 ццм.
Класа 11 SP-2000 ццм.

Група "Hoby" -6000 ццм. распоредени во класи:

Класа 12 -1200 ццм
Класа 13 -1400 ццм.
Класа 14 -1600 ццм.
Класа 15 -2000 ццм.

Група "Е1" **( GT , ST , WRC)** -6500 ццм. распоредени во класи:

Класа 16 -1200 ццм.Група **Е1**
Класа 17 -1200 ццм - 6500 ццм Група **Е1** , **ST** и **GT**

Не им се дозволува настап на возила во било која класа на возилата за кои што има распишан Куп шампионат во РМ.

Класите мора да бидат во потполност во склоп со Техничките правилници на - FIA.

На секое натпреварување сите распишани групи и класи ќе стартуваат во дивизии, кој ќе ги одреди жири комисијата на натпреварот према пријавите за натпреварот.

Постои можност на промена, одстранувања, додавања на класи.

## *СТАРТНИ БРОЕВИ*

**Член 8.**

За време на тренинг и трка, пилотите се должни да имаат стартни броеви од обете страни на предните врати на возилото, кои мораат да бидат поставени така да се читливи од предната страна на возилото.

Стартните броеви мора да бидат испишани со црна боја на бела подлога.

За возила со светла боја, белата подлога мора да има црн раб со дебелина од 5 мм.

Белата подлога е 35 см широка и 3о см висока.

Висината на стартниот број мора да изнесува 28 см, а дебелината на линијата 5 см.

Бројот мора да биде во класичен облик и читлив.

Над белата подлога се наоѓа право аголно поле со ширина 35 см и висина 12 см. таа површина е на располагање на АФМ за рекламирање.

Стартните бореви пред почетокот на сезоната ќе ги одреди спортскиот директор на Комисијата за Кружни Натпреватри по основа на пријавите за право на настап и постигнатите резултати во текот на минатите сезони во рамки како што следи:

Група "N" од 1 до 20
Група "A" од 21 до 60
Група "H" од 61 до 100

Група “ Е1”　　　　од 100 до 130

Во посебниот правилник на секое поединечно натпреварување ќе биде објавено кој ги обезбедува стартните броеви.

## *ТРОШОЦИ*

**Член 9.**

Организаторот на натпреварот ги сноси следните трошоци за организација:

Лиценцирање на патеките

трошоци на жирито на натпреварот

трошкови на водителот на Техничкиот преглед и неговите помошници

организациско-техничките трошоци

## *ПАТЕКА*

**Член 10.**

Секој организатор мора да има лиценца за патеката на која се одржува трката, а според Правилникот за Авто Спорт на АФМ, како и Правилникот за авто трки на кружни патеки.

Во случај на "Виша Сила" која подразбира промена на локација ( на патеката) од страна на организаторот (во истиот термин на пријавениот натправар) организаторот МОРА да одбере патека на која што веќе се одржал натпревар кој се бодувал за Шампионатот на РМ и таа патека да има важечка лиценца.

## *МЕРЕЊЕТО НА ВРЕМИЊАТА,БРОЕЊЕТО НА КРУГОВИ И ОБРАБОТКА НА РЕУЛТАТИТЕ*

**Член 11.**

На натпреварот се препорачува мерење и запис на остварените резултати ,,давачи на сигнал,, (транспордери), електронската обработка со задолжително контролно мерење на времето со уреди со точност од најмалку 1/100 секунди кои измерените времиња ги запишуваат на лента.

На тренинзите и на трката задолжително е мерење на сите поминувања на возачите. Во случај на некористење на транспордери важат правилата на мерните служби.

На натпреварите се одобрува работа на мерни екипи кои поседуваат лиценца на АФМ.

Жирито на натпреварот мора да изврши контрола на лиценците на мерните екипи.

Броењето на кругови се врши електронски со контролен бројач на кругови по системот на водење на ,,змија,, со перманентен видео запис од сите поминувања.

Обработката на резултатите мора да се изврши електронски.

Обработката мора да ги издаде следните листи за секоја група класа,:

1.Листа на пријавени
2.Стартна листа од тренингот
3.Резултати од тренинзите
4.Тотализатор од тренинзите
5.Стартна листа за трката
6.Распоред на стартните позиции
7.Резултати од трките
8.Тотализатор од трките
9.Редослед на екипите на клубови и тимови

На сите листи мора да се наоѓа име и презиме на пилотот, стартниот број, припадност АК/АКК и припадност на тимот (доколку се бодуваат тимски резултати).

## *ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ВЕРИФИКАЦИЈА*

**Член12.**

Техничкиот преглед ќе биде организиран според одредбите на Техничкиот правилник за автоспорт на АФМ и соодветните додатоци.

Во составот на Комисијата за верификација мора да има Доктор, поради преглед на пилотите.

Техничкиот преглед и верификацијата ќе се извршат најмалку 2 часа пред почетокот на службените тренинзи на поедини групи сметајки од завршувањето на работата на техничката комисија и верификацијата, па до стартот на тренингот на поедините групи.

Организаторот е должен во Посебниот правилник на натпреварот да ги назначи времињата и местото каде ќе се изврши техничкиот преглед и верификацијата.

Организаторот може, на сопстевена иницијатива да прими и задоцнети пилоти во однос на саатницата на натпреварот наведена во Посебниот правилник.

Во тој случај должен е да за задоцнување до 30 миннути наплати износ од 1.500,00 денари, а за задоцнување до 60 минути износ од 3.000,00 денари.

Секој пилот може на техничкиот преглед да пријави резервен автомобил но само во класата во која е пријавен за натпреварот.

Натпреварувачкиот автомобил на еден пилот не може истовремено да биде и резервен автомобомобил на друг или повеќе пилоти.

Под натпреварувачки автомобил на еден пилот се подразбира да е пријавен на име на пилотот и со него да биде направен техничкиот преглед и верификацијата.

Резервниот автомобил мора да се наоѓа во сервисниот паркинг доколку се користи. Резервниот автомобил на тренингот може да го користи било кој пилот.

Но, од моментот кога прв пат ќе го користо еден пилот не може повеќе да го користи друг од преостанатите пилоти на кои, тој користен автомобил, им служел како резервен.

Во текот на трката автомобилите не може да се менуваат.

Во сличај на промена на моторот ако е пријавен како резверен, пилотите се должни за истото да ја известат техничката Комисија на натпреварот.

## *СОСТАНОК СО ПИЛОТИТЕ*

**Член 13.**

Пред почетокот на тренингот организаторот во саатницата *МОРА* да предвиди состанок со пилотите и натпреварувачите, чие присуство е пропишано со Посебен правилник, и е *ЗАДОЛЖИТЕЛНО.*

Состанокот го води директорот на натпреварот или председателот на жирито. Состанокот, ако се пропишува, мора да се одржи *НАЈДОЦНА 30 минути пред почетокотна трката.*

За присуствувањето на состанокот се води евиденција од страна на организаторот која се доставува на жирито на натпреварот и до делегатот.

Неприсуството на состанокот од страна на пилотите повлекува парична казна во износ од 3.000,00 денари.,која се плаќа на секретаријатот на натпреварот најдоцна *30 минути пред стартот на трката.*

## *ПРОГРАМА НА НАТПРЕВАРОТ*

**Член 14.**

Во програмата на натпреварот организаторот *МОЖЕ* првиот ден (по правило сабота) да предвиди слободно време на крајот на сите тренинзи како *СЛОБОДНО ВРЕМЕ во траење од 20 минути* за секоја натпреварувачка група

(Шампионат на РМ, купови) кои исто можат да користат за промотивни потреби (возења на спонзорите, возења на публиката и сл.)..

Овој дел од програмата може да биде организиран и надвор од ограниченото време на манифестацијата ако временските услови го дозволуваат истото.

## *ТРЕНИНГ*

**Член 15.**

Организаторот е должен, еден ден пред трката да одржи два службени тренинга со мерење на време, секој тренинг во траење од најмалку 20 минути.

Во текот на целиот тренинг се мери време на секој полн круг.

За да може пилотот да настапи на трка, должен е да извози најмалку 3 полни круга на тренинзите и мора да постигне квалификациско време од 130% од најдоброто време на тренингот во класата.

Жирито на натпреварот може врз основа на молба на пилотот да дозволи старт  и на пилот кој не го исполнил квалификациското време и тоа само во следните случаи:

Да пилотот е со искуство, добар познавач на патеката на која се вози

Да го исполни квалификациското време на слободниот тренинг (Warm up)

Да не се елиминираат пилоти кои се веќе квалификувани, односно да пропусната моќ на патеката го дозволува настапот.

Во горниот случај пилотот стартува од последната стартна позиција без оглед на накнадно оствареното квалификациско време.

На денот на трката организаторот мора да одржи слободен тренинг со мерење на времињата (warm-up) во траење од 10 минути за секоја група според одржаните тренинзи.

Помеѓу слободниот тренинг и трката мора да постои слободен период од најмалку 90 минути.

Организаторот на натпреварот е должен во Посебниот правилник да наведе комплетната сатница на натпреварот, тренинзи - трка - седници на жири, водејќи сметка дека натпреварот не може да почне порано од 08.00 часот, ниту да заврши по 19.00 часот (летно сметање на времето) односно 17.00 часот (зимско сметање на времето).

Натпреварот, зависно од бројот на учесници, може да бидат дводневни или тродневни.

Еднодневни натпревари НЕ МОЖЕ да се организираат.

ИСКЛУЧОК во сличај  да на трката да се пријават помалку од 10 пилоти (вклучувајки ги сите шампионати и купови) се одобрува организација на еднодневен натпревар во кој мора да се одржат 2 трки, со минимална пауза од 60 минута помеѓу трките.

Се забранува  секој тренинг или трка  со возила  и пилоти (промотивно, пропагандно) во склоп на бодовното возење за државно првенство или куп.

Тренинзите може да се возат во дивизии како што ќе одреди жирито на натпреварот .

Истиот распоред важи и за трката.

Доколку се возат две трки и тоа првата во сабота  а  втората во недела, можно е да се одржат само два службени тренинзи во сабота.

Подобриот резултат без оглед на кој тренинг е остварен ќе биде  основа за одредување на стартна позиција на двете трки (сабота и недела).

## *ТРКА*

**Член16.**

Трката се вози во должина од 40 до 70км.

Во посебниот правилник на натпреварот, мора да се наведе бројот на кругови кои ќе се возат во секоја дивизија, група како и бројот на потребни кругови за да се оствари редоследот на трката.

Организаторот е должен пред почетокот на тренингот и трката во предстартниот простор да ги провери сите пилоти и возила кои излегуваат на патеката дали се лично присатни.

На трката се бодуваат само тие пилоти кои извозеле најмалку 75% од полниот број на кругови на победникот. Пилотот не мора да помине низ целта, но мора да има извозено 75% од круговите на победникот за да има пласман на трката (заокружено надоле на најблискиот цел број на кругови).

## *СТАРТНА ПОЦЕДУРА*

**Член 17.**

1.Стартниот распоред се одредува во пред стартниот простор 20 минути пред времето предвидено за старт на трката. 15 минути пред времето за старт на трката пилотите го напуштаат предстартниот простор, излегуваат на патеката и запираат на своите стартни позиции и ги гасат моторите.

2. ,,15,, минути пред предвиденото време за старт на трката возилата се пуштаат од предстартниот простор на патеката.

3. ,,10,, минути пред предвидениот старт на трката се покажува табла ,,10,, мин. на стартно- целната линија (со звучен сигнал) и се затвора предстартниот простор а "SC" возилото е поставено на стартно-целната линија.

4. ,,5,, минути пред предвидениот старт на трката се покажува табла ,,5,, мин. на стартно-целната линија (со звучен сигнал). "SC" возилото со ратациони светла вклучени ја затвора патеката и се поставува на крај на стартната решетка.

Натпреварувачкото возило кое не излегло од предстартниот простор ќе може да стартува од pit-stop линијата и тоа:

-Кај возењето на кругот на загревање ,се приклучило како последно во низот и со задржување на позицијата, стартува последно

-Во првиот круг од трката каде што е pit-stop линијата стартува, но по поминување на сите возила во трката, се вклучува во трката.

Во горе наведените случаеви пилотот е должен да ги почитува упатствата од судиите.

5.Стартната процедура се одвива со помош на следните помагала:
Табли: 10 минути, 5 минути, 3 минути, 1 минута, 30 секунди.

Наведените табли се употребуваат со помош на звучен сигнал и го имаат следното значење:

Таблата 5 минути: сите освен пилотот, службените лица и механичарите мораат да го напуштат пред стартниот простор,

Таблата 3 минути: сите освен пилотот, 2 механичари и лицата со чадор како и службените лица на организаторот мораат да го напуштат предстартниот простор.

Таблата 1 минута: сите освен пилотот и службените лица за старт го напуштаат стартниот простор, пилотите ги палат моторите на своите возила,

Таблата 30 секунди: 30 секунди по оваа табла ќе биде покажано зелено знаме и возилата тргнуваат во круг за загревање во придружбан а безбедносното возило.

За време на наведениот круг преминувањето е забрането.

Доколку поедин пилот не се придржува на оваа одредба, ќе мора да стартува од последната стартна позиција, за што ќе го извести помошникот на стартерот.

Не придржувањето на упатствата на помошникот повлекува по себе исклучување од натпреварот.

6.Пилот кој не е во можност да тргне во загревачкиот круг со рака го известува линискиот судија.

Ако сепак успее да го запали моторот и тргне во кругот за загревање, го задржува последното стартно место и не смее да помине ниту едно возило.

До колку не е во можност да стартува, возилото мора да биде избуткано до пит стоп линијата од каде може да стартува според правилата за старт од пит стоп линијата. "SC" возилото го вози кругот за загревање зад натпреварувачките возила.

7. Возилото кое по кругот за загревање не успеало да го заземе своето стартно место, а е поминато од "SC" возилото задолжително мора да биде насочено кон пит стоп линијата, од каде што ќе може да стартува.

8. Кога пилотите по завршувањето на загреваčиот круг се враќаат на старт, ги пречекува судија со црвено знаме, и тие си ги завземаат ги своите стартни позиции со запалени мотори.

Стартерот им покажува табла 5 секунди, така да по 5 секунди се пали црвеното светло на семафорот. Помеѓу 2 и 5 секунди по палењето на црвеното светло на семафорот, стартерот го *ГАСИ црвеното* светло и со тоа дава знак за старт на трката.

9. Доколку некој од пилотите сигнализирал дефект или неможност за стартување, стартерот мора да ја употреби следната процедура:

- ако црвеното светло не е запалено, на линијата на стартот покажува црвено знаме и табла старт одложен,
- ако црвеното светло е запалено, на стартната линија покажува црвено знаме со табла старт одложен, се пали жолто трепкачко светло а линиските судии мафтаат со жолти знамиња за да ги известат останатите пилоти за застанатото возило, се прекинува стартната процедура.

Во двата случаја стартната процедура се повторува од таблата 3 минути, а трката се скратува за еден круг.

10. Стартните места мораат да бидат обележани со линии и со броеви на патеката (види Правилник за кружни патеки).

Стартните места ќе бидат поставени така да пилотот со најдобро време на тренингот биде на првата стартна позиција која е од страната на првата кривина, вториот лево или десно но 6 метри поназад, третиот 12 метри зад првиот итн.

11. Во моментите на палење на црвените светла на семафорот сите возила мораат да бидат во состојба на мирување.

Секое поместување пред самиот старт, (гасење на црвеното светло), ќе се смета и казнува со казна за предвремен старт.

По враќањето од кругот за загревање пилотите мораат да ги постават своите возила рамно на своето стартно место, без помош од судиите на стартот, во стартниот *"квадрат",* на тој начин да нагазната површина на предната гума не смее да ја допира неговата стартната линија.

Во сличај да визилото не биде правилно наместено пилотот ќе биде казнет со казна за предвремен старт.

12. Стартната процедура задолжително се снима со видео запис.

Записот е достапен само на жирито на натпреварот и на директорот на натпреварот за сигурно утврдување на казни од предвремен старт.

13. Пилот кој што предизвикал одложување на стартот, кај повторениот старт, ја завзема последната стартна позиција.

## *ТЕХНИЧКА ФИЗИЧКА ПОМОШ*

**Член 18.**

Техничката помош на пилотите од страна на нивните механичари за време на трка дозволена е единствено во пит стоп-от.

Доколку пилот за време на тренинг застане во пит стоп за полнење на гориво, моторот на автомобилот мора да биде угасен.

Во сличај да на пилот за време на трка му се пружи физичка или техничка помош на патеката од трети лица или судии, пилотот може да биде исклучен од трката ако истиот сам не се откажал.

Во случај да за време на тренинг или трка пилотот остане во дефект на патеката мора да се придржува на упатствата на судиите.

Надзорот за пружање на техничка и физичка помош на патеката должни се да го вршат сидиите на патеката и за тоа веднаш да го известат директорот на натпреварот.

Непочитување на одредбите од став 1. и 2. од овој член повлекува по себе исклучување од трката.

## *ПРЕКИН И ПОВТОРЕН СТАРТ*

**Член 19.**

Во случај да е потребно да се сопре трката поради некој инцидент или климатски услови, директорот на трката дава наредба да се истакне на стартно целната линија црвено знаме и исто времено ги изветува судиските места да истакнатото црвено знаме.

Трката поради климатски услови може да се прекине само еднаш.

Услови под кои што може да се повтори стартот, во однос на вкупниот број на извозени кругови е следен:

1. Ако се извозени 2 или помалку кругови:

трката се повторува во целост.

Сите пилоти кои настапиле на првиот старт, можат да пристапат на рестартот, освен на виновникот за прекинување на трката, ако му е пружена техничка помош или било каква друга помош истиот не може да настапи на рестартот.

Исклучок, се дозволува настап со пријавено резервно возило.

Пилотите ги завземаат стартните позиции по основ на времињата од тренингот, а во случај да некој пилот не е во можност да стартува, неговата позиција останува празна.

Доколку е невозможно да се изведе повторниот старт, на пилотите не им се доделуваат бодови. Заменувањето на возилото е дозволено само за пријавено резервно возило.

Повторниот старт на трката мора да биде најдоцна 30 минути по прекинувањето на трката.

2. Ако се извозени 3 или повеќе кругови, но помалку од 75% од трката:

-Трката ќе се вози во повеќе од еден дел. Редоследот во првиот дел на трката се зима во кругот кој му предходел на прекинот на трката.

Повторниот старт натрката мора да се изведе најдоцна 30 минути по прекинот на трката.

-Должината на вториот дел на трката ќе одговара на остатокот на неизвозенит дел од трката.

-Пилотите ги завземаат стартните позиции од првиот дел на трката, според редоследот во кругот кој што му предходел на прекинот на трката.

-Право на настап во вториот дел на трката имаат само оние пилоти кои извозеле најмалку 75% од круговите на победникот на првиот дел на трката.

На виновникот за прекинот на трката повторен старт не му е дозволен.

-Доколку е невозможно да се одвози вториот дел од трката, на пилотите им се доделуваат 50% од бодовите за шампионатот.

А според редоследот од првиот дел од трката.

3. Ако е извозено 75% или повеќе кругови од трката:

ќе се смета како полна трка. Редоследот од круговите на кој му предходел прекинот на трката ќе се земе како резултат на трката.

На пилотите ќе им се доделат полните бодови.

## "STOP AND GO" КАЗНА

**Член 20.**

**"STOP AND GO"** казната се применува со одлука на директорот на натпреварот за прекршоците пропишани со овој додаток.

На пилот кој што е казнет на стартно целната линија ќе му биде покажана **"STOP AND GO"** табла со црна табла со стартен број од пилотот, најдоцна во третиот круг од начинувањето на прекршокот но само еднаш.

Пилотот е должен во следните три круга да влезе во пит стоп и на за тоа предвиденито место ја изведе пропишаната казна, со можност за исклучување од натправар.

Местото за изведување на казната организаторот е должен да го опише во посебниот правилник и во текот на натпреварот исто така мора да биде оградено со гумени чунови.

Казната не може да биде предмет на приговор.

**"STOP AND GO"** + 5 секунди.

-Предвремен старт, лошо местење на стартната позиција

-Претркување пред поминување на стартно целната линија по отповикување на "**SAFETY-CAR**" возилото

-Повторено неспортско возење

-Пречекорување на брзината во pit stop-от за време на трката

Пилот по влегување во просторот за изведување на казната го сопира возилото, возилото е со запален мотор и пилотот ги следи судиите задолжени за изведување на казната и мерењето на времето, кои му даваат сигнал за истек на казната така да дозволува повторно вклучување во трката.

Во случај да е казната одредена во последните четири круга од трката и пилотот не успее да ја одработи казната, на пилотот, по завршувањето на трката на вкупното остварено време му се додава 30 секунди и пилотот завзема место според така вкупно оствареното време.

## *"SAFETY-CAR" БЕЗБЕДНОСНО ВОЗИЛО*

**Член 21.**

"**SAFETY-CAR**" делува во трката по одлука на директорот на трката кога натпреварувачите или службените лица се во непосредна животна опсност а околностите не се такви за да следи прекинување на трката.

"**SAFETY-CAR**" на бочните страни мора да има истакнати букви "SC" во големина на стартен број.

Три ротирачки портокалови светла мораат да бидат поставени на кровот на возилото секое со свој круг на напојување.

На задниот дел од возилото мора да има зелено светло со кое се управува од кабината на возилото.

Со возилото мора да управува искусен пилот во присаство на судија кој е во врска со водството на трката.

Двајцата мора да бидат опремени со заштитна опрема.

"**SAFETY-CAR**" мора да биде така поставен да може едноставно и веднаш по налогот да делува.

Кога е дадена наредба за "**SAFETY-CAR**" сите судиски места истакнуваат бела табла со црни букви "SC" со жолти знамиња во мирување.

Истото го истакнуваат до отповикување односно до завршување на интервенцијата.

Возилото "SC" со запалени ротирачки светла излегува од pit-stop-от и се вклучува на патеката без оглед каде се наоѓа водечкиот натпреварувач.

Сите натпреварувачки возила ја намалуваат брзината (жолто знаме) и формираат колона зад "SC" возилото на растојание од најмалку 5 должини на возилото.

Непочитување на растојанието се санкционира како неспортско возење.

Секое претекнување е забрането (освен како што е дадено во опис X).

"SC" возилото ќе делува се додека условите на патеката не се средат и додека "SC" возилото не го среди стартниот поредок кој што важел до моментот на излегување на "SC" возилото.

Додека "SC" возилото е во делување влезот во pit-stop-от е дозволен.

Враќањето на патеката се одвива додека е зелено светлото на излезот дозволено и возилата се приклучуваат како последни во поредокот.

За време на поминување на "SC" возилото покрај стартот и pit-stop-от не е дозволен излез на патеката.

Кога ќе се отповика возилото, истото од прилика околу 300 метри пред стартно целната линија ги гаси свиоте ротациони светла и свртува во pit-stop-от, судиските места ги повлекуваат "SC" таблите и ги истакнуваат зелените знамиња.

Пилотите, следејки го водечкиот, задржувајки го стартниот поредок се приближуваат на стартно-целната линија каде што ќе уследи знак со зелено знаме и зелено светло на семафорот на продолжување на трката.

До поминувањето на стартно-целната линија забрането е секакво претркување под закана на "STOP AND GO" казна.

Секој одвозен круг со "SC" возилото ќе се брои како дел од трката.

## *Опис-Х:*

Ако "SC" возилото влезе на патеката без оглед на положбата на водечкиот натпреварувач, со зелено светло од задниот дел на возилото, ќе се даде знак на пилотите дека можат да го претекнат, и тоа се до местото каде што се појавува водечкиот натпреварувач.

Зад водечкиот се фирмира колона и целата процедура се изведува како во предходниот опис.

Се препорачува брзина на "SC" возилот за одприлика 50% помала од брзината во трката.

## *СУВА ИЛИ МОКРА ТРКА*

**Член 22.**

Во пред стартниот простор 15 минути пред излегување на патеката и на стартно-целната линија судиите, по одлука на директорот на натпреварот, истакнуваат табла "WET RACE" (МОКРА ТРКА) ако трката е прогласена за МОКРА.

Пилотите можат произволно да стават пнавматици, како што тие сметаат дека е за нив најдобро, но во тој случај според климатските услови трката НЕМА ДА СЕ ПРЕКИНУВА.

Во случај да не е истакната никаква табла се смета дека трката е "СУВА".

## *ОГРАНИЧУВАЊЕ НА БРЗИНАТА*

**Член 23.**

Во просторот PIT-STOP се ограничува брзината на 60 км/ч.
Пилотите кои не ги почитуваат ограничувањата ќе се казнат:

**ТРЕНИНГ**:

| | |
|---|---|
| за пречекорување на брзината до 10 км/ч | 1.500,00 денари. |
| за пречекорување на брзината од 10-30 км/ч | 3.000,00 денари. |
| за пречекорување на брзината над 30 км/ч | 6.000,00 денари. |

**ТРКА**:

за секое пречекорување казна "STOP AND GO" + 5 секунди.
парична казна како на тренинзите.

## *РЕКЛАМИРАЊЕ*

**Член 24.**

На пилотите им е дизволена употреба на сите видови на реклами на возилата се додека:

Тоа е во склоп со националните закони, како и во склад со одредбите на АФМ и FIA,

Не го намалува видокругот на пилотот.

Не ги навредува моралните предпоставки

Рекламиниот простор над стартниот број е резервиран за спонсор АФМ, носењето на тие реклами не смее да се одбие.

## *ПРОПУСНИЦИ И СЛУЖБЕНИ ОЗНАКИ*

**Член 25.**

Организаторот е должен да ги осигура пропуисниците според одредбите на Правилникот за авто спорт на АФМ и Кодексот за однесување.

## *ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ*

**Член 26.**

Приговорите и жалбите се регулирани со Правилникот за авто спорт на АФМ.

## *ПОЧЕСНИ НАГРАДИ*

**Член 27.**

Во случај класата да се прогласи од жирито на натпреварот, натпреварувачот кој освоил награда, а дополнитрлно е дисквалификуван должен е веднаш да ја врати наградата во АФМ за да може да се додели на натпреварувач кој го зазел неговото место.

Доколку натпреварувачот не постапи како што предвидено во став 2 од овој член, нема да има право да настапи на наредните натпревари.

Секој натпреварувач е должен по завршувањето на трката лично да ја прими наградатана место предвидено за тоа, уредно облечен и закопчан во својот заштитен комбинизон, во спотивно следи казна од 6.200,00 ден, а доколку органиаторот дозволи натпреварувачот да дојде на доделувањето на наградата неуредно облечен и закопчан во својот заштитен комбинизон следува казна од 12.400,00 ден.

На секој натпревар организаторот доделува почесни награди:

- ГРУПИ за освоено од 1 до 3 место - пехар
- КЛАСИ за освоено од 1 до 3 место - пехар

( *Доколку во групата има помалку од 3 возила, пехар добива само победникот ).*

- Екипа АК/АКК и тим спонсор - само за 1 место -пехар

За поредок на клубови на трката се сметаат реултатите од класата и тоа затри (3) најдобри пласирани членови поедин клуб.

Во случај на еднаков број на бодови ќе се применува Член 88. од Правилникот за авто спорт на АФМ.

По завршувањето на трката пилотите има обврска да дојде на подиумот за прогласување да ја прими наградата.

Не доаѓањето може да се санкционира со недоделување на почесната награда со задолжителна казна од 6.200,00 ден.

Се препорачува на органнизаторот за време на натпреварот (ден пред почетокот на трката) да организира дружење на пилотите со цел на меѓусебно дружење и овозможување целосно натпреварувачко доживување.

Организаторите на доделувањето мора да ја почитува минималната големина на пехарите, со што се утврдува дека пехарот за 3-то место неможе да биде пониок од 18 см да биде помал пречник од 10 см.

Со тоа што сите останати пехари мора да бидат со пропорционална големина.

Непочитување на оваа одредба можно е да се санкционира сопарична казна на организаторот, а врз основа на согледувања од страна на делегатот на натпреварот со задолжителна потврда од страна на ОАС на АФМ кој во овој случај и го утврдува износот на паричната казна.

## *ЗАВРШНИ ПРИЗНАНИЈА*

**Член 28.**

По завршениот Шампионат на РМ во авто трки на кружни патеки за 2011година, Одборот за авто спорт на АФМ ќе ги додели почесните награди:

-за **Државни Прваци, во Групи од 1 до 3 место - пехар**
**-за Државни Прваци, во Класи од 1 до 3 место - пехар**
**-за освоено од 1 до 3 место на АК / АКК - пехар**

## *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 29.**

Измените и дополнувањата на овој Додаток се во надлежност на Одборот за авто спорт. Правото за толкување на одредбите на овој Додаток надвор од натпреварувањата исклучиво е во надлежност на Одборот за авто спорт.

Правото на толкување на одредбите од овој Додаток на натпреварите се во надлежност на жирито (спортската комисија) на натпреварот.

Сите одредби кои евентуално не се внесени во овој Додаток, ќе се толкуваат на темел на одредбите од Правилникот за авто спорт на АФМ и Меѓународниот спортски правилник на FIA.

Посебно внимание ќе биде дадено на почитувањето на роковите одредени со овој правилник.

**Член 30.**

Овој Додаток одобрен со одлука од Одборот за авто спорт, стапува на сила со неговото донесување.

Скопје, 27.12.2011.

Спортски директор А01

Даниел Крстевски
с/р

Автомобилистичка федерација
на Македонија
Одбор за Авто спорт
претседател

Ранко Станојковски
с/р